

# Локален акционен план

## за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Општина Радовиш 2011 - 2013

Програма “Градот и попреченоста”

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА РАДОВИШ 2011 - 2013

Републички центар за поддршка на лица
со интелектуална попреченост – ПОРАКА

Наслов:
***Локален акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Општина Радовиш 2011 - 2013***

Издавач:
***Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***
ул. ”Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
e-mail: poraka@t-home.mk
web: www.poraka.org.mk

Уредувачки одбор:
***Виолета Димоска***
***Д-р Василка Димоска***
***Владо Крстовски***

Графички дизајн и печатење:
***Дата Понс - Скопје***

Скопје, април 2011 година

# СОДРЖИНА


Воведен збор на Градоначалникот ......................................................................5

Локален акционен план за унапредување на положбата на лицата
со попреченост во Општина Радовиш...................................................................7

Што е локален акционен план? .......................................................................... 7

Генерални податоци за Општина Радовиш...........................................................8

Дефинирање на „попреченоста” ........................................................................12

Статистички податоци во однос на лицата со попреченост во
Општина Радовиш............................................................................................14

Реализирани активности за изготвување на локалниот акционен план .........17

Координативно тело за спроведување на локалниот акционен план .............19

Листа на идентификувани потреби и приоритети на лицата
со попреченост во Општина Радовиш.................................................................21

План за спроведување на локалниот акционен план за лицата
со попреченост во Општина Радовиш.................................................................24

# ВОВЕДЕН ЗБОР НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Отсекогаш сум мислел дека сите ние како луѓе вредиме толку, колку што сме им потребни на другите и дека единствената проверка на дилемата дали сме добри луѓе е дали и колку сме способни да им помогнеме на оние коишто неможат да ни вратат. Токму поради ова, треба почесто да сакаме да затропаме на некоја туѓа врата, не за да бараме, туку за да помогнеме.

Во таа смисла, нема посуштествен доказ за нашата хуманост од севкупната помош што може да им ја дадеме на луѓето со попреченост, бидејќи да се родиш со попреченост е голема болка, но уште поголема болка е да не се направи се за да се поработи на создавањето на еднаквите можности за живот и за оваа интегрална група на луѓе во општеството.

Од оваа произлегува дека развојот на една општествена заедница најдобро се мери преку нејзината грижа за ранливите категории на граѓани. Колку е поразвиено едно општество, толку е повисок степенот на колективната свест и грижа за оние луѓе кои не се во состојба да се грижат самите за себе. На тој концепт е заснован и уставот на Република Македонија, нашето општество се декларира како социјално општество кое се грижи за сите свои членови, без оглед на нивната работна способност.

Децентрализацијата, од овој аспект, донесе и нови предизвици за општините. Дел од надлежностите на државата, сега се делегирани на единиците на локална самоуправа. Тоа е еден сосема нов момент од животот и работењето на локалната самоуправа. Во таа смисла, Општина Радовиш и досега работела, но и во иднина ќе продолжи, во рамките на своите можности, да им излезе во пресрет на лицата со попреченост.

Покрај другото, позитивните законски одредби предвидуваат и инклузија во редовна настава на лицата со лесна и умерена интелектуална попреченост. Сепак, по навршените 18 години најголем дел од овие деца повторно се назад, во рамките на семејството, без можност да се социјализираат и да се дружат. Тоа е големо оптоварување и за семејствата кои мораат да ангажираат и друг работоспособен член за потребите на овие деца.

Токму поради ова, Општина Радовиш е подготвена да дејствува во имплементацијата на овој Локален акционен план со цел да им помогнеме на оние коишто можат да ни вратат со насмевка. Сепак, ние сме убедени дека со овој план многумина од овие лица со попреченост ќе можат да се остварат себеси и како вработени лица, бидејќи и тие поседуваат таленти и вештини со коишто се создаваат вредности за овие наши граѓани, но и за нашата општина.

Градоначалник на Општина Радовиш,
Д-р Роберт Велков

## ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА РАДОВИШ

Со тековната реформа на децентрализација, локалните самоуправи добија многу одговорна улога во процесот на унапредувањето на состојбата во која се наоѓаат ранливите групи граѓани, вклучително и лицата со попреченост. Одлуките што ги донесуваат локалните самоуправи влијаат врз секојдневниот живот на лицата со попреченост. Поради тоа, од големо значење е локалните власти, при планирањето на политиките и донесувањето на одлуките, да ги вклучуваат и аспектите на попреченоста, т.е. да согледаат како секоја одлука ќе влијае врз животот на лицата со попреченост.

Воспоставувањето блиска соработка помеѓу локалните власти и организациите на лицата со попреченост е основниот предуслов за ефективно креирање на инклузивната локална политика во однос на лицата со попреченост. Имајќи го ова предвид, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, во периодот септември 2010 – март 2011 година, реализираше конкретна акција за развивање локален акционен план за попреченост во Општина Радовиш.

## ШТО Е ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН?

Локалните акциони планови за попреченост претставуваат инструменти за развој и за имплементирање на конкретните чекори што водат кон унапредувањето на состојбата на лицата со попреченост. Тие се стратегиски документи, составени од идентификуваните потреби на локално ниво и од утврдените цели и приоритети што се прифатени од страна на локалните власти и од организациите на лицата со попреченост.

Локалните акциони планови се насочени кон унапредувањето на квалитетот на животот на лицата со попреченост, тие опфаќаат прашања кои се од најголемо значење за нив и предлагаат акции кои се во согласност со ресурсите на локалната заедница.

# ГЕНЕРАЛНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА РАДОВИШ

Општина Радовиш е лоцирана во југоисточниот дел на Република Македонија. Територијата на регионот се простира меѓу планинскиот масив на север и североисток со Плачковица, на југоисток со Струмичко Поле, на југозапад со планината Смрдеш и на северозапад со клисурата на Маденска река. Радовишката општина има мошне поволна географска положба, која е условена од просторно-релјефните погодности и сообраќајните прилики. Општина Радовиш зафаќа површина од 608 км$^2$, се простира на надморската височина од 260 м по течението на Радовишка Река до 1707 м на врвот Бел Камен на Плачковица. Радовиш се наоѓа на надморска височина од 370 м. Општината има мошне поволна географска положба, сообраќајно преку магистралниот патен правец М-6 е порзана со општините Штип 38 км - Струмица 26 км - граница Бугарија 70 км. Со регионалниот пат Р-606 е поврзана со Општина Конче.

Во Радовиш и радовишко се наоѓаат траги на материјална култура уште од предисторијата од епохата на неолитот, енеолитот, халштатот и бронзата. Првобитното споменување на Радовиш датира од 1019 година, во грамота од византискиот император Василиј II. Раносредновековниот град Радовиш се наоѓал на местото на сегашните рушевини на тврдината над градот. Општина Радовиш, брз стопански развој бележи во годините од 1960 година па наваму.

## Геолошки и релјефен состав

Според геолошката градба Општина Радовиш, благодарение на својата положба, зафаќа делови од две крупни геотектонски целини: српски-македонски масив и вардарска зона, кои меѓусебе се доста различни. Според конфигурацијата земјиштето во општината во најголем дел е ридско-планинско, а помал дел е со рамничарски обработливи површини. Ридско-планинскиот дел на оваа подрачје е карактеристичен по карпестиот состав. Вулканските карпи со сиво-пепелеста  или сиво-зелена боја, содржат минерали на железо, бакар и друго, затоа на ова подрачје се врши и ископ на руда.

Во рамничарскиот дел се издвојуваат два типа на почви: неразвиени и развиени. Значењето за земјоделието на неразвиениот тип на почви за Општината е мошне големо и се одликува со највисока производствена вредност. Релјефот на подрачјето на Општина Радовиш, го карактеризираат три важни елементи: ридско-планински - најголем дел го зазема масивот на планината Плачковица, котлински - Радовишка и Дамјанска котлина и речните долини на реките: Радовишка, Ораовичка и Плаваја.

## Климатски карактеристики

Радовишкиот регион е под влијание на умерено континентална клима. Заради изразената висинска разлика, одделни климатски елементи варираат меѓу изменета медитеранска клима во полето и планинска клима на планините. Што се однесува до ружата на ветровите, нашето подрачје спаѓа во мошне ветровитите подрачја во републиката. Просечните годишни температури во рамничарскиот дел се движат до 13$^{0}$C , а на највисоките планински масиви до 7,5$^{0}$C. Максималната температура изнесува 41$^{0}$C а минималната -21$^{0}$C.

## Хидрографија

Хидрографските особености на територијата на Општина Радовиш, се разновидни и се среќаваат повеќе хидрографски објекти од кои најзначајни се водотеците, подземните води, изворите и хидројаловиштето Тополница. Хидрографската мрежа на Општина Радовиш припаѓа кон два речни система и тоа на реките Струмица и Брегалница. Во речниот систем Струмица се влеваат реките: Радовишка, Ораовичка и Плаваја, а во Брегалничкиот, Маденска река преку Крива Лакавица. Во Брегалничкиот сливен систем преку реката Крива Лакавица се влева Маденска река, која извира во Дамјанско поле и во неа се влеваат водите од околните места Бучим, а посебно хидројаловиштето Тополница.

## Демографски развој

Според податоците од пописот на населението, спроведен во 2002 година, во Општина Радовиш има население од 28.167 жители, од кои 16.223 живеат во градот Радовиш. Половата структура на населението во Општина Радовиш незначително отстапува од општата полова структура на населението на ниво на републиката. Од вкупно 28.167 жители, машкото население е застапено со 14.423 жители, женското население е застапено со 13.744 жители.

Според националната припадност, структурата на населението во Општина Радовиш е следната:

- Македонци 24.223 или 85,99 %
- Турци 3.753 или 13,32 %
- Други 191 или 0,69 %

Миграцијата село - град е постојана, но во последните години има забележителна преселба на населението од општината во странство.

## Култура и спорт

Во културата и културниот живот во Општина Радовиш, евидентни се следните дејности:

- Работа на ОУ Центар за култура “Ацо Караманов” - Радовиш;
- ОНБ “Браќа Миладиновци” - Радовиш,
- културно-уметнички друштва, фолклорни ансамбли и музички состави.

Важно е да се нагласи дека ОУ Центар за култура “Ацо Караманов” - Радовиш во соработка со Општина Радовиш, во голем дел ја организира и реализира т.н. жива култура, меѓу кои позначајни се следните содржини: Радовишко културно лето, Фестивал на староградска музика и Карамановите поетски средби.

Во сферата на спортот нема забележителни резултати.

## Квалитет на живеење

Регионот на Општина Радовиш, има материјална основа и стопанска инфраструктура која претставува солидна основа за стопански развој. Стопанската структура во Општината по дејности е следната: индустрија и рударство, земјоделство, шумарство, водостопанство, градежништво, сообраќај и врски, трговија, угостителство и туризам и занаетчиство, што претставува основа за одржување и зголемување на квалитетот на живеење на населението во Општината. Секоја од напред наведените дејности, дава придонес во развојот на Општината. Имајќи ја предвид местоположбата на Општината, природните богатства и неистражените археолошки локалитети, се отвараат можности за развој на туризмот, спорт и рекреација, ловен туризам и др.

## ДЕФИНИРАЊЕ НА „ПОПРЕЧЕНОСТА"

Дефинирањето на „попреченоста"[1] е доста комплексно прашање.

Следејќи ги светските трендови во однос на терминологијата и Меѓународната класификација на функционирањето, попреченоста и здравјето (ICFDH) на Светската здравствена организација, во овој документ е користен терминот „попреченост" како најсоодветен превод од англиски јазик на терминот „*disabilty*". Во Република Македонија сè уште не е комплетно усогласена терминологијата за оваа вулнерабилна група граѓани, но забележан е позитивен тренд во рамките на усогласувањето на законодавството во земјата со законодавството на земјите-членки на Европската заедница.

Меѓународната класификација на функционирањето, попреченоста и здравјето:

- Нуди интегрирано и научно согледување на здравјето и попреченоста;
- Предлага интердисциплинарен јазик за стручните работници од здравственото, социјалното и образовното поле, кој е универзално прифатен на меѓународно ниво;
- Му дава неопходно значење на амбиенталниот фактор и може да се применува во различни културни средини;
- Има повеќедимензионален пристап и содржи критериуми кои ги ставаат сите патолошки состојби на исто рамниште, независно од причините;
- Воведува неутрална терминологија, со што се разграничува оштетувањето од попреченоста и хендикепот.

Според Меѓународната класификација на функционирањето, попреченоста и здравјето, на попреченоста не треба да се гледа како на определена карактеристика или недостаток на единката, туку на неа треба да се гледа како на едно заемно дејство на здравствените карактеристики и контекстуалните фактори кои влијаеле на нејзината појава.

---

*[1] Попреченост (disability) СЗО (WHO) - термин кој се користи за различни функционални ограничувања (физички, интелектуални или сетилни), кои можат да бидат од времен или од траен карактер.*

Поради болест, повреда или конгенитална малформација, може да се јави:

**(Impairment)** ***Оштетување*** – губиток или абнормалност на психолошката, физиолошката, или анатомската структура или функција.

↓

**(Disability)** ***Попреченост*** – како резултат на одредено оштетување, може да се појави рестрикција или недостиг на можноста да се изведуваат определени активности на начин или со капацитет што е својствен за човекот.

↓

**(Handicap)** ***Хендикеп*** – како резултат на настанатото оштетување или на попреченоста, може да се појави неможност заради која е ограничено или оневозможено извршувањето на определени функции кои се нормални за човекот (секако, соодветни за одредена возраст и пол, во согласност со социјалните и културните фактори).

Врз основа на горенаведеното, терминот „*попреченост*" во овој документ подразбира „состојба што води кон социјални и економски недостатоци/исклучување, негирање на правата и ограничување на можностите за рамноправност во животот во заедницата".

Добрата политика е важна почетна точка доколку таа обезбедува широк простор за дијалог помеѓу владите и меѓународната заедница за да се креира политика за развој и поддршка на правата на лицата со попреченост, но и за промовирање акции во согласност со *Стандардните правила на ОН за изедначување на можностите на лицата со попреченост*[2] *и со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост* на централно и на локално ниво*.*

[2] UN General Assembly. Standard Rules on the Equalization of Opporunities for Persons with Disabilities. 48 session Resolution 48/96.New York. 20.12.1993

## СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ВО ОДНОС НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА РАДОВИШ *(извор: ЈУМ Центар за социјална работа – Радовиш)*

### *1. Број и структура на лица со длабока интелектуална попреченост*

| **пол** | | **националност** | | **возраст** | | **место** | | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | женски | Македонци | Турци | малолетни | полнолетни | град | село | |
| 2 | 3 | 4 | 1 | / | 5 | 0 | 5 | 5 |

### *2. Број и структура на лица со тешка интелектуална попреченост*

| **пол** | | **националност** | | **возраст** | | **место** | | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | женски | Македонци | Турци | малолетни | полнолетни | град | село | |
| 33 | 18 | 40 | 11 | 1 | 50 | 18 | 33 | 51 |

### *3. Број и структура на лица со умерена интелектуална попреченост*

| **пол** | | **националност** | | **возраст** | | **место** | | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | женски | Македонци | Турци | малолетни | полнолетни | град | село | |
| 24 | 18 | 33 | 9 | 9 | 33 | 18 | 24 | 42 |

### *4. Број и структура на лица со лесна интелектуална попреченост*

| **пол** | | **националност** | | **возраст** | | **место** | | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | женски | Македонци | Турци | малолетни | полнолетни | град | село | |
| 49 | 22 | 61 | 10 | 15 | 56 | 36 | 35 | 71 |

## 5. Број и структура на лица со комбинирани пречки

| пол | | националност | | возраст | | место | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | женски | Македонци | Турци | малолетни | полнолетни | град | село | |
| 20 | 11 | 22 | 9 | 20 | 11 | 20 | 11 | 31 |

## 6. Број и структура на слепи лица и лица со пречки во видот

| пол | | националност | | возраст | | место | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | женски | Македонци | Турци | малолетни | полнолетни | град | село | |
| 7 | 3 | 8 | 2 | 4 | 6 | 5 | 5 | 10 |

## 7. Број и структура на лица со телесна инвалидност

| пол | | националност | | возраст | | место | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | женски | Македонци | Турци | малолетни | полнолетни | град | село | |
| 37 | 20 | 47 | 10 | 23 | 34 | 25 | 32 | 57 |

## 8. Број и структура на лица со пречки во слухот, говорот и гласот

| пол | | националност | | возраст | | место | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| машки | женски | Македонци | Турци | малолетни | полнолетни | град | село | |
| 3 | 1 | 3 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 4 |

### *9. Сместени лица во институции*

- 2 телесно инвалидизирани лица се сместени во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско;
- 7 лица со интелектуална попреченост се сместени во Специјалниот завод – Демир Капија;
- 3 деца со интелектуална попреченост се сместени во ПОУ “Св. Климент Охридски” - Ново Село;
- 1 дете со попреченост е сместено во Дом за доенчиња и мали деца - Битола;
- 3 лица со попреченост се сместени во згрижувачки семејства;
- 2 лица со интелектуална попреченост се сместени во стамбена единица со поддршка.

### *10. Вклученост во образовен процес*

- Во ООУ „Крсте Петков Мисирков ”– Радовиш во редовна настава вклучени се 8 деца со попреченост;
- Во ООУ „Кирил и Методиј”– с. Ораовица во редовна настава вклучени се 8 деца со попреченост;
- Во ООУ „Орце Николов”– с. Ињево во редовна настава вклучени се 26 деца со попреченост;
- Во ООУ „Никола Карев”– Радовиш во редовна настава вклучени се 6 деца со попреченост.

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН

Процесот на креирање на Локалниот акционен план во Општина Радовиш се темелеше на принципот на партиципативност, а активностите беа поделени во неколку фази, секоја со одредена цел и со очекуван резултат.

Првата и втората фаза од програмата „Градот и попреченоста" опфатија подготвителни активности за нејзино спроведување, состанок со д-р Роберт Велков, Градоначалник на Општина Радовиш, создавање на Работната група за креирање на Локалниот акционен план и потпишување Меморандум за соработка во реализацијата на целата програма со Општина Радовиш и со вклучените локални институции и организации на лица со попреченост.

*Членови на Работната група за креирање на Локалниот акционен план:*

1. *Душко Чамински* – Општина Радовиш,
2. *Верица Газепова* – Општина Радовиш,
3. *Лазар Газепов* – Општина Радовиш,
4. *Борче Панов* – Општина Радовиш,
5. *Верка Танева - Ѓоргиевска* – ЈУМ Центар за социјална работа – Радовиш,
6. *Лилјана Петрова* – Центар за вработување – Радовиш,
7. *Лимонка Илиевска* – Здравствен дом – Радовиш / Совет на Општина Радовиш,
8. *Коле Николов* – ФЗО П.Е. - Радовиш,
9. *Мите Котев* – О.О.У. Крсте Петков Мисирков – Радовиш,
10. *Виолета Србакова* – С.О.У Коста Сусинов – Радовиш,
11. *Блага Долдурова* – Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Радовиш,
12. *Васил Томов* – Здружение на телесно инвалидизирани лица – Радовиш,
13. *Стојка Свиркова / Павлинка Андова* – Здружение на трудови инвалиди – Радовиш,
14. *Благоја Симоновски* – О.О. Црвен Крст – Радовиш,
15. *Игор Гоцевски* – Младински совет – Радовиш,
16. *Катерина Митева* – АУСЖМ "Женска акција".

Третата фаза од реализацијата на предвидените активности опфати обука на Работната група за изготвување на Локалниот акционен план, преку три семинари за обука. Преку обуките, членовите на Работната група се стекнаа со знаења од повеќе области поврзани со правата на лицата со попреченост, вклучувајќи знаење за следниве значајни точки:

- Локален акционен план, како инструмент за изедначување на можностите за лицата со попреченост,
- Основни концепти (дефиниции, медицински и социјален модел, човекови права и сервисни служби),
- Меѓународни и домашни правни инструменти, законски рамки, стратегии, состојби и системи за грижа и заштита на лицата со попреченост,
- „АГЕНДА 22" – инструмент за креирање локални акциони планови и искуства од други земји,
- Социјални сервисни служби и регулаторни механизми,
- Децентрализација и форми на соработка на локалната самоуправа и граѓанскиот сектор,
- Идентификување на потребите и ресурсите во локалната заедница,
- Раководење со проектните циклуси и односот со медиумите.

Во четвртата фаза на Програмата беа одржани работилници, при што членовите на Работната група работеа директно врз креирањето на Локалниот акционен план. Истовремено, членовите имаа можност да ги искористат стекнатите знаења од одржаните обуки.

Локалниот акционен план беше разработуван во согласност со меѓународниот документ „Агенда 22", врз основа на принципите зацртани во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. На работилниците беа разгледувани приоритетите и потребите на лицата со попреченост, првенствено во областите што се под надлежност на локалната самоуправа, но исто така и во областите што сè уште не се децентрализирани, но за кои локалните заедници можат да придонесат со свои акции и со лобирање кај централната власт. При разработката на Локалниот акционен план, членовите на Работната група дадоа придонес во оформувањето на приоритетите и активностите. Притоа, се водеше сметка предложените активности во Локалниот акционен план да бидат реални и изводливи, во согласност со ресурсите на локалната заедница. За секоја поединечна активност беа дефинирани нејзината цел и задача, одговорната институција за спроведување, временската рамка и изворот на финансирање.

Во петтата фаза на Програмата беа организирани презентација и јавна дебата за Локалниот акционен план со советниците од Советот на Општина Радовиш и со претставниците на локалните институции и организации, каде беше добиен позитивен фидбек во однос на предложениот стратегиски документ и беа дадени конструктивни забелешки од учесниците.

Како резултат на спроведните фази, Советот на Општина Радовиш, на 25 март 2011 година, едногласно го усвои Локалниот акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Општина Радовиш 2011 – 2013, како официјален стратегиски документ за развој.

## КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН

Со усвојувањето на Локалниот акционен план, Советот на Општина Радовиш назначи Координативно тело за спроведување на Локалниот акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Општина Радовиш 2011 – 2013, составено од следните членови на Работната група:

1. *Душко Чамински* – Општина Радовиш (Претседател),
2. *Верица Газепова* – Општина Радовиш,
3. *Верка Танева - Ѓоргиевска* – ЈУМ Центар за социјална работа – Радовиш,
4. *Лилјана Петрова* – Центар за вработување – Радовиш,
5. *Лимонка Илиевска* – Здравствен дом – Радовиш / Совет на Општина Радовиш,
6. *Виолета Србакова* – С.О.У Коста Сусинов – Радовиш,
7. *Блага Долдурова* – Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Радовиш,
8. *Васил Томов* – Здружение на телесно инвалидизирани лица – Радовиш,
9. *Павлинка Андова* – Здружение на трудови инвалиди – Радовиш.

Координативното тело, во комуникација со соодветните сектори во Општината, треба да се подготви за дополнителни дискусии и преговарања за:

а) Разработка на оперативните годишни планови;
б) Идентификација на ресурсите и поделбата на трошоците;
в) Селекција на целите и акциите;
г) Поделбата на трудот;
д) Набљудување и дополнителни промени во планираните активности.

Координативното тело има официјален мандат, доделен од страна на Општина Радовиш, а негова задача при реализацијата на Локалниот акционен план е да се исполнат следниве точки:

- Месечни состаноци за реализација на Локалниот акционен план;
- Редовни состаноци на Координативното тело со одговорните институции одредени во Локалниот акционен план;
- Редовни информативни состаноци и комуникација со медиумите за процесот на реализација на Локалниот акционен план;
- Годишна анализа на Локалниот акционен план преку развивање мерливи индикатори за постигнувањето на очекуваните резултати;
- Годишен извештај до Советот на Општина Радовиш за реализацијата на Локалниот акционен план.

# ЛИСТА НА ИДЕНТИФИКУВАНИ ПОТРЕБИ И ПРИОРИТЕТИ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА РАДОВИШ

## Област 1: ЈАВНА СВЕСТ

- ✓ Постојат предрасуди и стереотипи кон лицата со попреченост;
- ✓ Недоволно прифаќање на лицата со попреченост од страна на граѓаните во Општина Радовиш;
- ✓ Недоволна информираност на граѓаните за потребите на лицата со попреченост;
- ✓ Недоволна информираност на родителите/семејствата во однос на проблемите и правата на нивните деца со попреченост.

## Област 2: ПРИСТАПНОСТ

### а) Физичка пристапност

- ✓ Поголем број на јавните институции не се физички пристапни (општинска зграда, Центар за социјална работа – Радовиш, 4 основни училишта со 14 подрачни училишта , ФЗО, ПИОМ, пошта, комерцијални и угостителски објекти, банки, ПЗУ, локалните медиуми, суд, спортска сала);
- ✓ Ограничување на движење по тротоари (неправилно паркирање возила);
- ✓ Обележаните паркинг-места не се достапни (ги користат други граѓани) и не се соодветно обележани по стандарди.

### б) Пристап до информации

- ✓ Информациите не се достапни за лицата со попреченост со оштетен вид, оштетен слух и лица со интелектуална попреченост.

## Област 3: ОБРАЗОВАНИЕ

- ✓ Нема релевантни податоци за бројот на деца со попреченост (категоризирани и некатегоризирани) во редовните училишта;
- ✓ Редовните училишта немаат дефектолози;
- ✓ Нема прилагодени наставни програми и нагледни средства;
- ✓ Не постои посебна паралелка за деца со попреченост;
- ✓ Недостаток на вештини на просветните работници за работа со деца со попреченост.

## Област 4: СОРАБОТКА НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ СО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ (ОЛП)

- ✓ Недоволна координираност помеѓу организациите на лица со попреченост и локалната самоуправа;
- ✓ Несоодветни просторни можности на организациите на лица со попреченост (ОЛП).

## Област 5: СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНИ СЕРВИСНИ СЛУЖБИ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА РАДОВИШ

- ✓ Непостоење на мрежа на социјални сервисни служби во местото на живеење, како поддршка на лицата со попреченост и нивните семејства;
- ✓ Несоодветни услови за работење на сервисната служба – дневен центар за лица со интелектаулна попреченост;
- ✓ Непостоење на финансиска одржливост на дневниот центар за лица со интелектуална попреченост.

## **Област 6:** ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

- ✓ Недоволна информираност на лицата со попреченост и нивните семејства за законските можности за вработување на инвалидни лица, и правата и обврските од работен однос;
- ✓ Постојат злоупотреби на законските можности од страна на работодавачите.

## **Област 7:** ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА

- ✓ Недоволна е информираноста за законските можности за ослободување од партиципација за лекување и лекарства за деца со попреченост до 26-годишна возраст;
- ✓ Ослободување од партиципација за лекување и лекарства се врши до 18-годишна возраст, наместо до 26-годишна возраст, како што е законски пропишано.

# ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОПШТИНА РАДОВИШ

## Област 1: ЈАВНА СВЕСТ

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1.Запознавање на граѓаните со потребите и можностите на лицата со попреченост | 1.1 Реализирање на кампања за подигнување на јавната свест во Општина Радовиш | 1.1.1 Редовно медиумско информирање (постоечка инфоцентар рубрика)<br>1.1.2 Посебни тематски информативни емисии<br>1.1.3 Изготвување на информативен материјал (летоци)<br>1.1.4 Широка дистрибуција на информатвен материјал<br>1.1.5 Вклучување на лицата со попреченост во кампањата<br>1.1.6 Отворени трибини за јавноста<br>1.1.7 Тематски часови и трибини во училишта за потребите на лицата со попреченост | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Општина Радовиш<br><br>Училишта<br><br>Медиуми<br><br>Црвен крст<br><br>Средношколска унија<br><br>Центар за култура<br><br>Библиотека<br><br>Организации на лица со попреченост (ОЛП) | Континуирано<br><br>април 2011 - декември 2013 | Општина Радовиш<br><br>Организации на лица со попреченост (ОЛП)<br><br>Медиуми |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1 Реализирање на кампања за подигнување на јавната свест во Општина Радовиш | 1.1.8 Вклучување на средношколската унија и клубот на млади на Црвен крст во активностите на кампањата<br>1.1.9 Вклучување на верски институции во споделување на информации за правата и можностите на лицата со попреченост | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Други НВО<br><br>Верски институции | Континуирано<br><br>април 2011 – декември 2013 | Општина Радовиш<br><br>Организации на лица со попреченост (ОЛП)<br><br>Медиуми |
| | 1.2 Отварање на инфо-центар во склоп на библиотека | 1.2.1 Договор со директор на библиотеката<br>1.2.2 Обука на вработените во библиотеката<br>1.2.3. Подготовка на информативен материјал за правата кој ќе се дистрибуира преку инфо-центарот | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Општина Радовиш<br><br>Библиотека<br><br>Организации на лица со попреченост | септември 2011 - декември 2011 | Општина Радовиш |
| 2. Информирање на лицата со попреченост и нивните семејства за постоечките права и можности | 2.1 Остварување контакти со лицата со попречноест и нивните семејства | 2.1.1 Континуирано информирање преку ЦСР за постоечките и новите права<br>2.1.2 Континуирано информирање преку инфо-центар<br>2.1.3 Информирање преку медиуми во однос на правата<br>2.1.4 Информирање преку организациите на лицата со попреченост | ЦСР<br><br>Координативно тело за спроведување на ЛАП | Општина Радовиш<br><br>ОЛП<br><br>Библиотека<br><br>Медиуми | Континуирано<br><br>април 2011 – декември 2013 | ЦСР<br><br>ОЛП |

**Област 2:** ПРИСТАПНОСТ / ДОСТАПНОСТ

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Обезбедување на физичка пристапност на јавните институции | 1.1. Воспоставување на контакт со надлежни институции | 1.1.1 Информирање и задолжување за реализација на законски одредби на јавните општински институции<br>1.1.2 Информирање и барање за реализација на законски одредби до јавните државни институции | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Општински јавни институции<br><br>Државни јавни институции | Континуирано<br><br>април 2011 – декември 2013 | Општина Радовиш |
| | 1.2. Адаптирање на пристапот до јавните институции | 1.2.1 Изградба на пристапни рампи до сите јавни институции кои се под надлежност на Општината<br>1.2.2 Изградба на пристапни рампи до сите јавни институции кои се под надлежност на централна власт<br>1.2.3 Инсталирање на лифтови во зависнот од објектот на институциите | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Општински јавни институции<br><br>Државни јавни институции | Континуирано<br><br>април 2011 – декември 2013 | Општина Радовиш<br><br>Државни јавни институции |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Обезбеду-вање на непречено движење по тротоари | 2.1. Воспоставу-вање на контакт и соработка со МВР | 2.1.1 Казнување на непрописно паркирани возила | Координатив-но тело за спроведување на ЛАП | МВР | Континуирано<br><br>април 2011 – декември 2013 | Општина Радовиш |
| | | 2.1.2. Отстранување на препреки (бандери, контејнери и др.) | Координатив-но тело за спроведување на ЛАП | Општина Радовиш<br>МВР<br>ЕВН | Континуирано<br><br>април 2011 – декември 2013 | Општина Радовиш, ЕВН |
| 3. Достапни паркинг места за лицата со попреченост | 3.1. Стандарди-зација на обележани паркинг места | 3.1.1 Определување на дополнителни паркинг места<br>3.1.2 Поставување на вертикална сигнализација<br>3.1.3 Континуирано обележување на паркинг местата<br>3.1.4 Санкционирање на непрописно паркирани возила | Координатив-но тело за спроведување на ЛАП | Општина Радовиш | Континуирано<br><br>Април 2011 – декември 2013 | Општина Радовиш и МВР |
| 4. Достапност до информации за лицата со попреченост | 4.1. Прилагоду-вање на инфор-мациите за лицата со оштетен вид, оштетен слух и интелектуална попреченост | 4.1.1 Адаптирање на постоечката веб-страна на Општина Радовиш | Координатив-но тело за спроведување на ЛАП | Општина Радовиш<br><br>ОЛП | Континуирано<br><br>април 2011 – декември 2013 | Општина Радовиш |

## Област 3: ОБРАЗОВАНИЕ

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Комплетирање на податоци за бројот на деца со попреченост вклучени во образовниот систем | 1.1 Спроведување на истражување во училиштата | 1.1.1 Изготување на прашалник и негова дистрибуција<br>1.1.2 Анализа на податоци | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Општина Радовиш<br><br>Училишта | април 2011 – мај 2001 | Општина Радовиш |
| 2. Ангажирање на дефектолози во училиштата | 2.1 Иницирање на потребата од дефектолози | 2.1.1 Барање до Министерство за образование и наука | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Општина Радовиш | јуни 2011 | Министерство за образование и наука (МОН) |
| 3. Обезбедување на соодветни услови за наставен процес | 3.1 Барање до Биро за развој на образование | 3.1.1 Унапредување на наставна програма и нагледни средства | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Општина Радовиш<br><br>Училишта | Континуирано<br><br>април 2011 – декември 2013 | Општина Радовиш<br><br>МОН |
| 4. Обезбедување на посебна паралелка за деца со попреченост | 4.1. Истакнување на потребата од посебна паралелка | 4.1.1 Барање до Биро за развој на образование и МОН | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Општина Радовиш<br><br>Училишта<br><br>МОН<br><br>Биро за развој на образование | април 2011 – септември 2011 | МОН |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. Обука на наставниот кадар за подобра работа со деца со попреченост | 5.1 Вклучување на наставниците во семинари | 5.1.1 Опфаќање во обуките на МОН | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Општина Радовиш<br><br>Училишта | Континуирано<br><br>април 2011 – декември 2013 | Општина Радовиш<br><br>МОН |

## Област 4: СОРАБОТКА НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ СО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Унапредување на соработката помеѓу локалната самоуправа и организациите на лицата со попреченост | 1.1. Структуирање на соработката | 1.1.1 Креирање на тело за соработка, со мандат од Општината (Координативно тело за спроведување на локалниот акционен план) | Општина Радовиш | ОЛП | април 2011 | Општина Радовиш |
| 2. Подобрување на просторните услови на ОЛП | 2.1. Изнаоѓање на просторни можности за ОЛП | 2.1.1 Обезбедување на канцелариски простор за ОЛП | Општина Радовиш | ОЛП | април 2011 – декември 2011 | Општина Радовиш |

## Област 5: СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНИ СЕРВИСНИ СЛУЖБИ

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Развивање на мрежа од сервисни служби за лица со попреченост | 1.1. Анализа на потребите од сервисни служби | 1.1.1 Изготвување на извештај за потребите од сервисни служби | ЦСР<br><br>ОЛП | Координативно тело за спроведување на ЛАП | април 2011 – декември 2011 | ЦСР,<br>ОЛП,<br>Општина Радовиш |
| | 1.2 Иницирање на потребата за креирање на нови сервисни служби | 1.2.1 Доставување на барање до надлежните институции (МТСП, Општина Радовиш) | ЦСР<br><br>ОЛП | Координативно тело за спроведување на ЛАП | април 2011 – декември 2011 | ЦСР,<br>ОЛП,<br>Општина Радовиш |
| 2. Создавање услови за функционирање на сервисната служба – дневен центар за лица со интелектуална попреченост | 2.1 Реализирање на договорот за санирање и адаптација на доделената локација | 2.1.1 Санирање, адаптација и опремување на локацијата за дневен центар | Општина Радовиш | ЦПЛИП - ПОРАКА Радовиш<br><br>Бизнис сектор | април 2011 – септевмри 2011 | Општина Радовиш,<br>ЦПЛИП - ПОРАКА Радовиш,<br>Бизнис сектор |
| 3. Обезбедување на финансиска одржливост на дневниот центар за лица со интелектуална попреченост | 3.1 Реализирање на законски можности за финансирање на програмски активности на дневниот центар | 3.1.1 Склучување на договор за финансирање (делегирање на надлежност) од страна на општината<br>3.1.2 Следење и евалуација од страна на општината | Општина Радовиш | ЦПЛИП - ПОРАКА Радовиш<br><br>Бизнис сектор | Континуирано<br><br>април 2011 – декември 2013 | Општина Радовиш |

## Област 6: ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Подобрено информирање на лицата со попреченост и нивните семејства за законските можности, правата и обврските | 1.1. Координација и зголемена комуникација помеѓу Центарот за вработување и ОЛП | 1.1.1 Организирање на редовни координативни состаноци на ЦСР и ОЛП<br>1.1.2 Организирање на состаноци на ОЛП со вработените лица и лицата кои бараат работа<br>1.1.3 Организирање на работилници за едукација за правата и обврски од работен однос | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Центар за врабтување<br><br>ОЛП<br><br>Заштитни работни друштва<br><br>Инспекторат за труд | Континуирано<br><br>април 2011 – декември 2013 | Центар за врабтување<br><br>ОЛП |
| 2. Намалување на бројот на злоупотреби при вработувањето | 2.1. Зголемена контрола од надлежните институции | 2.1.1 Зголемување на бројот на посети на заштитните работни друштва<br>2.1.2 Преземање на законски мерки во случај на злоупотреба | Координативно тело за спроведување на ЛАП | Инспекторат за труд<br><br>Центар за врабтување<br><br>ОЛП<br><br>Заштитни работни друштва | Континуирано<br><br>април 2011 – декември 2013 | Инспекторат за труд |

## Област 7: ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА

| Цели | Задачи | Акции | Одговорна институција | | Време за спроведување | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој | Со кого | | |
| 1. Запазување на законските обврски за ослободување од партиципација до 26-годишна возраст | 1.1. Укажување до здравствените установи | 1.1.1 Директни контакти со матичните лекари и здравствените установи | Координативно тело за спроведување на ЛАП | ОЛП<br>ПЕ – ФЗО<br>ЦСР | Континуирано<br>април 2011 – декември 2013 | ЦСР<br>ПЕ – ФЗО<br>ОЛП |
| 2. Реализирање на законското право на здравствена заштита без партиципација до 26-годишна возраст | 2.1. Ослободување од партиципација за децата со попреченост над 18-годишна возраст | 2.1.1 Упатување на барање до ПЕ - ФЗО за правилна примена на законските норми | Координативно тело за спроведување на ЛАП | ЦСР<br>ПЕ – ФЗО | Континуирано<br>април 2011 – декември 2013 | ЦСР<br>ПЕ – ФЗО<br>ОЛП |







**Локалниот акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Општина Радовиш 2011 - 2013 е подготвен во периодот септември 2010 - март 2011 година во рамките на програмата ГРАДОТ И ПОПРЕЧЕНОСТА, имплементирана од Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА.**


**Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА**

www.poraka.org.mk

**Општина Радовиш**

www.radovis.gov.mk